30722

ИЗЛОЖБИ

# ГРАФИЧКИ БЕЛЕЖНИК

● (ЗА ГРАФИКИТЕ НА БРУНО ТАЛПО ВО МСУ ВО СКОПЈЕ)

МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА уметност од Скопје, во склопот на поставката „Подарени дела", ни нуди и една интересна изложба на италијанскиот уметник Бруно Талпо, професор по пластични дисциплини во Бергамо, кој не само што му подари на нашиот град неколку свои дела, туку иницирал и десетина други италијански уметници од центарот „Луис Арагон", припадници на авангардното движење „поштенска уметност" да испратат за Музејот на солидарноста збирка од триесетина дела.

Бруно Талпо на оваа изложба ни се претставува со циклус на графики под наслов „Белешки од патувањето", останувајќи им верен на концепциите на „поштенската уметност" (mail — art) предавајќи ни богат избор на материјали од едно интимно патување низ повеќе земји, меѓу кои и од Југославија, во вид на една своевидна графичка фотодокументација, како графички бележник на еден уметник со вистински новинарски дух, со широка дипла на интересирање за разни визуелни, естетски, социјални и политички појави во современиот свет.

**Техниката во која Бруно Талпо ги искажува своите сензабилни забелешки, е класичниот бакропис, дополнет и комбиниран со техниката на фотоврежување, постапка која со своите конечни резултати донекаде соодветствува на серографијата, но, како што смета и самиот автор, која со директно интервенирање на уметникот во сите негови фази, покажува дури и поголемо занаетство од другите постапки.**

Во овие графики доминира амбиент, и очигледно е интересирањето на уметникот за воспоставување соодветен однос со просторот од кој е опколен. Со желба да комуницира што е можно поверодостојно, тој се служи со директно пренесување на автентични ракописи, штембили, марки итн. а тоа е една од карактеристиките на **наративната или комуникативна** уметност.

Затоа овие графички листови ги примаме како еден можен „социјален извештај" за присутноста на еден реален свет, кој и во својата критичност и нервоза, овозможува да се одржи просторот отворен кон креативниост и имагинација, а на секој набљудувач да му го побуди, освен естетскиот, и етичкиот импулс.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**



IX